# 391. ПОСАКАЛА МИЛА МАМА ДА МЕ ДАВА




Посакала мила мама мене да ме дава,
да ме даде за бакалче, јаз бакалче нејќам,
да ме даде за бакалче, јаз бакалче нејќам,
бакалче е како глуфче, од вреќа до вреќа.
Да ме даде за даскалче, јаз даскалче нејќам,
даскалче е како питач, от село во село,
да ме даде за гајдарче, јаз гајдарче сакам,
он ќе свири, јас ќе играм, ќе се погодиме.